- **На меѓународните финансиски пазари се зголеми склоноста за вложување во повисоко приносни инструменти**
- **Ковид-19: Позитивни информации за ефикасноста на вакцината, рекордно зголемување на бројот на новозаразени лица во светски рамки**
- **ЕЦБ: Засилени очекувања за зголемување на монетарната поддршка**

**Во текот на оваа недела, преовладуваше оптимизмот поради изгледите за развој на ефикасна вакцина против корона-вирусот, наспроти рекордниот број на новозаразени лица во светски рамки.** Фармацевтските компании „Фајзер" и „Бионтек", повикувајќи се на првичните резултати, соопштија дека нивната експериментална вакцина против ковид-19 е ефикасна повеќе од 90% во спречувањето на заразување од вирусот. Покрај тоа, врвниот експерт за инфективни болести во САД, д-р Антони Фаучи, изјави дека е оптимист во врска со очекуваните резултати од истражувањата за ефикасноста на потенцијалната вакцина на фармацевтската компанија „Модерна". Од друга страна, вкупниот број заразени лица го надмина нивото од 54 милиони, а бројот на починати лица достигна 1.324.538. На 14 ноември, беше забележан најголем дневен пораст на новозаразени лица на глобално ниво од почетокот на пандемијата, од 663.772. Анализирано по земји, најголем број на новозаразени лица имаше во САД, Индија, Италија и Бразил, од 1.065.529, 282.560, 243.425 и 198.978, соодветно. Во текот на неделата, Австрија најави дека ќе спроведе карантин во рамките на целата земја.

**Во центарот на вниманието на пазарите беше Форумот на ЕЦБ.** Имено, претседателката на ЕЦБ, Кристин Лагард, го потврди ставот од состанокот во октомври, дека централната банка е подготвена да го засили монетарниот стимул доколку се увиди потреба од тоа. Притоа, Лагард смета дека новата програма за откуп на хартии од вредност воведена поради пандемијата (PEPP), како и програмите за целно долгорочно финансирање ќе останат главните инструменти коишто централната банка ќе ги користи за поддршка на економијата. Истовремено, на форумот, претседателот на ФЕД, Џером Пауел, изјави дека доколку продолжи истата динамика на ширење на корона-вирусот, тогаш следните месеци ќе бидат тешки за американската економија.

**Објавените показатели упатија на послаби економски остварувања.** Во *еврозоната*, беше објавена втората процена на БДП за третото тримесечје, со што беше извршена умерена надолна ревизија на економскиот раст од 12,7% на 12,6% на квартална основа. Индустриското производство во септември неочекувано се намали за 0,4% на месечна основа, како одраз на намаленото производство на трајните производи. Показателот за очекувањата на инвеститорите во еврозоната, Сентикс, за ноември се намали од -8,3 на -10 поени, над пазарните очекувања од -15 поени. Во текот на неделата беа објавени и конечните податоци за стапката на инфлација за одделни земји. Имено, стапката на инфлација во Франција и Шпанија беше ревидирана нагоре од 0% на 0,1% и од -1% на -0,9%, соодветно, додека во Германија стапката на инфлација беше потврдена на -0,5%. Во однос на надворешнотрговската размена на Германија, во август, трговскиот суфицит се зголеми од 15,4 на 17,8 милијарди евра, во услови на позначителен раст на извозот (од 2,3% на месечна основа), во споредба со увозот (од -0,1%). Водечкиот показател ЗЕВ, којшто се користи за мерење на економските услови во Германија, во ноември се намали од 56,1 на 39 поени (пазарите очекуваа дека индексот ќе се намали на 41,7 поени), главно како одраз на зголемената загриженост од повторното воведување на мерките за спречување на ширењето на корона-вирусот.

Во *САД*, стапката на инфлација во октомври се намали од 1,4% на 1,2% на годишна основа (пазарите очекуваа намалување на стапката на инфлација на 1,3%), главно како одраз на пониските цени на облеката, транспортните услуги и енергијата. Базичната инфлација неочекувано се намали од 1,7% на 1,6% на годишна основа (наспроти пазарните очекувања за зголемување на 1,8%). Во текот на истиот месец, цените на производителите на индустриски производи се зголемија за 0,5% на годишна основа (пазарите очекуваа дека годишната стапка на раст ќе остане 0,4%), главно како резултат на растот на трошоците за прехранбените производи и за услугите. Според високофреквентните податоци за пазарот на труд, првичните барања за социјална помош во неделата до 7 ноември се намалија од 757.000 на 709.000, сведувајќи се на најниското ниво во последните седум месеци. Меѓутоа, изгледите за закрепнување на пазарот на труд сè уште се слаби, во услови на натамошно брзо зголемување на бројот на новозаразени лица од корона-вирусот и непостигнат договор за дополнителниот фискален стимул. Довербата на потрошувачите мерена од страна на Универзитетот Мичиген во ноември неочекувано се намали од 81,8 на 77 поени (наспроти пазарните очекувања за умерено зголемување на 82 поена).

Во текот на неделата, кандидатот за претседател Џо Бајден официјално ја прогласи победата во претседателските избори.

Во *Велика Британија*, во третиот квартал од 2020 година беше забележан историски најзначителен економски раст (од 15,5% на квартална основа) по падот од 19,8% во претходното тримесечје. Индустриското производство во септември се зголеми за 0,5% на месечна основа. Во однос на пазарот на

труд, стапката на невработеност во септември, согласно со пазарните очекувања се зголеми од 4,5% на 4,8%, што воедно е највисокото ниво од ноември 2016 година, наваму, откако голем број работници беа отпуштени во текот на месецот.

Во *Кина,* во октомври дојде до зголемување на суфицитот во надворешнотрговската размена од 37 на 58,4 милијарди САД-долари, во услови на поголем раст на извозот (11,4% на месечна основа) во споредба со увозот (4,7%). Во истиот месец, стапката на инфлација се намали од 1,7% на 0,5%, сведувајќи се на најниското ниво во последните 11 години, главно како одраз на пониските цени на свинското месо.

Во *Јапонија*, порачките за индустријата во септември забележаа месечен пад од 4,4%, намалувајќи се првпат во последните три месеци, во услови на нарушени деловни изгледи за земјата.

Банката на Јапонија соопшти дека ќе воведе специјален расположлив депозит, за да ја зајакне отпорноста на финансискиот систем. Во рамките на овој инструмент, на финансиските институции што ќе донесат одлуки за спојувања, деловна интеграција или преземања помеѓу 10 ноември и крајот на март 2023 година ќе им се исплаќа камата на вишокот резерви, при што каматната стапка што ќе се применува ќе изнесува 0,1% на годишна основа.

Во текот на викендот, 15 земји од Азиско-пацифичкиот Регион (десет економии од Југоисточна Азија заедно со Кина, Јапонија, Јужна Кореја, Нов Зеланд и Австралија) го потпишаа најголемиот светски регионален договор за слободна трговија, Регионалното сеопфатно економско партнерство. По осумгодишни преговори, договорот беше потпишан на крајот на виртуелниот самит на АСЕАН и според аналитичарите, се очекува дека ќе доведе до зголемено влијание на Кина во меѓународната трговија.

**Позначајни пазарни движења**

На меѓународните финансиски пазари преовладуваше поголема склоност на инвеститорите кон вложување во повисоко приносни инструменти, главно под влијание на објавените информации за ефикасноста на експерименталната вакцина против ковид-19, намалената неизвесност како резултат на сигналите на ЕЦБ за дополнителна монетарна поддршка и резултатите од претседателските избори во САД. Во такви услови, и покрај рекордното зголемување на бројот на новозаразени лица од корона-вирусот, зголемениот оптимизам кај инвеститорите доведе до изразен раст на берзанските индекси во светски рамки. Притоа, при намалена побарувачка за безбедни инструменти, цената на златото се намали[1], во еврозоната и во САД беше забележано зголемување на приносите на државните обврзници, како и стеснување на кредитните распони. Валутниот пар евро/САД-долар умерено се намали, во услови на повисоки приноси во САД и зголемената привлечност на САД-доларот, како и поради очекувањата за повисок стимул од ЕЦБ. Цената на нафтата забележа раст, во услови на очекувања дека развојот на вакцината против ковид-19 ќе придонесе за зголемување на економската активност и следствено на тоа, за раст на побарувачката за овој енергент. Исто така, за цената на нафтата придонесоа и информациите за намалување на залихите во САД и очекувањата дека најголемите светски производители на нафта нема да пристапат кон зголемување на производството на овој енергент.

[1] Цената на златото забележа најголем неделен пад од октомври наваму.

**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

***НЕДЕЛЕН ПАЗАРЕН ПРЕГЛЕД 9 - 13 ноември 2020 година***

## Селектирани пазарни показатели






















| | 06.11 | 13.11 | неделна промена |
|---|---|---|---|
| DAX индекс | 12,480 | 13,077 | **4.8%** |
| S&P индекс | 3,509 | 3,585 | **2.2%** |
| Euribor 3m (%) | -0.513 | -0.514 | **-0.1** |
| USD Libor 3m (%) | 0.2059 | 0.2220 | **1.6** |
| Bund 10y (%) | -0.62 | -0.55 | **7.4** |
| UST 10y (%) | 0.82 | 0.90 | **7.8** |
| EUR/USD | 1.1874 | 1.1834 | **-0.3%** |
| Злато ($/Oz) | 1,948 | 1,878 | **-3.6%** |
| Нафта (Brent, $/barrel) | 38.8 | 42.0 | **8.1%** |

**Приноси во еврозоната**

| | EUR 6M | EUR 2Y | EUR 5Y | EUR 10Y |
|---|---|---|---|---|
| 30.10 | -0.64 | -0.79 | -0.82 | -0.63 |
| 06.11 | -0.64 | -0.78 | -0.80 | -0.62 |
| 13.11 | -0.62 | -0.73 | -0.74 | -0.55 |
| **неделна промена (б.п.)** | **2.4** | **5.3** | **6.6** | **7.4** |
| **збирна промена од почетокот на месецот (б.п.)** | **2.5** | **6.7** | **8.4** | **8.0** |

**Приноси во САД**

| | USD 6M | USD 2Y | USD 5Y | USD 10Y |
|---|---|---|---|---|
| 30.10 | 0.10 | 0.15 | 0.38 | 0.87 |
| 06.11 | 0.09 | 0.15 | 0.36 | 0.82 |
| 13.11 | 0.09 | 0.18 | 0.41 | 0.90 |
| **неделна промена (б.п.)** | **0.0** | **2.6** | **4.5** | **7.8** |
| **збирна промена од почетокот на месецот (б.п.)** | **-0.5** | **2.7** | **2.2** | **2.3** |